ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# Јавен повик до граѓански организации за доделување
# Акциски грантови за поддршка на локалните избори 2025

**Датум на објава на повикот:** 21 февруари 2025 година

**Краен рок за аплицирање**: 10 април 2025 година до 17:00 ч. (македонско време)

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до предвидениот рок 20.03.2025 г.
и поставени за време на информативната сесија одржана онлајн на 04.03.2025

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Во продолжение се објавени прашањата и одговорите во врска со јавниот повик до граѓански организации за доделување *Акциски грантови за поддршка на локалните избори 2025*, пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до предвидениот рок 20.03.2025 и поставени за време на информативната сесија одржана онлајн на 04.03.2025.

| **Прашања пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до 20.03.2025** | |
|---|---|
| П.1.1. Дали е задолжително во апликацијата да има ко-апликант или може само една организација да биде само апликант? | Може апликацијата да има и ко-апликант, но не е задолжително. Апликацијата може да биде поднесена и само од една организација, како апликант. |
| П.1.2. Дали за финансирање под овој повик се подобни активности кои вклучуваат мониторирање на аспекти на изборниот процес преку медиуми и други документи и информации или мора да вклучува и теренски активности? | За активностите кои што се подобни за овој повик можете да се информирате во Упатството за аплицирање, дел 2.1.2. Акции за кои може да се додели грант.<br>Ве молиме имајте предвид дека предлог проектот **треба да се однесува на двата очекувани резултати на повикот наведени во точка 1.2. од Упатството за аплицирање**. Индикативните активности за остварување на овие два резултати се дадени во истата точка од Упатството, после секој резултат посебно. Активности кои не се спомнати во индикативните активности но се јасно поврзани со целите и резултатите на повикот, ќе бидат земени предвид. |
| **Прашања поставени на Информативната сесија одржана онлајн на 04 март 2025** | |
| П. 2.1. Дали може здружение да биде соработник на организација која би добила грант? | Еден од условите за подобрност на апликантот за овој повик е да биде директно одговорен за подготовка и управување со проектот заедно со коапликантот(ите), а да не дејствува како посредник. Апликантот може да соработува со други организации во спроведување на добиениот грант, но тоа не смее да подразбира делегирање на надлежности при |

| | |
|---|---|
| | спроведување на проектните активности. |
| П.2.2. Ние сме во моментот корисници на грант за локални иницијативи. Дали сме подобни да аплицираме на овој повик. Дали ко-апликантот од нашиот грант може да аплицира сега за овој повик? | Да, подобни сте за аплицирање на овој повик како апликант или како ко-апликант. Во Упатството за аплицирање не е наведен критериум дека корисниците на тековен Акциски грант за локални иницијативи, не се подобни за аплицирање на овој повик. |
| П.2.3. Прашање дали сме подобни како организација за аплицирање на овој повик доколку не сме учествувале на онлајн курсевите? И дали има можност истите да ги погледнеме? | Во точка 2.3.2 од Упатството за аплицирање, меѓу другите критериуми за подобност е наведено дека, за да биде подобен за овој грант апликантот и ко-апликантот (ако има) мора да ги имаат завршено следниве релевантни онлајн обуки од ГРЦ Академијата:<br>- Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација,<br>- Односи со јавност,<br>- Добро управување и<br>- Транспарентност и отчетност.<br><br>За секоја од овие четири онлајн обуки треба да се регистрирате посебно, при што, кај име на организација треба да го ставите името на вашата организација. Не мора едно исто лице од организацијата да се регистрира за сите онлајн обуки.<br>Потоа на е-маил ќе ви стасаат видеата од сите сесии од обуките за кои сте се регистрирале, за да ги слушате во време кога вам ви одговара.<br>На крајот од секоја од четирите обуки, откако ќе ги ислушате сите модули по обука, ќе ви стаса е-маил во кој ќе стои дека успешно сте ја поминале дадената обука.<br>Можете да се регистрирате во исто време (ист ден) за сите четири обуки. |

Проектот е финансиран
од Европската Унија

| | |
|---|---|
| | Не се наплаќа за регистрирање и следење на овие онлајн обуки. |
| П.2.4. Треба ли да приложиме некаков доказ дека сме ги погледнале обуките? | Не. Проектниот тим има евиденција за тоа кои организации која онлајн обука ја имаат посетено. |
| П.2.5 Дали, доколку сме корисници, односно имаме тековен проект од ГРЦ може да се аплицира на овој повик? | Да, подобни сте за аплицирање на овој повик. Во Упатството за аплицирање не е наведен критериум дека корисниците на тековен Акциски грант за локални иницијативи, не се подобни за аплицирање на овој повик. |
| П.2.6. Ние до сега како здружение немаме учествувано во изборен процес, но наши членови имаат учествувано како набљудувачи (учествуваа и во обуки ) во претходните локални избори . Дали во точка 1.6. (односно 2.6.) од Формуларот за аплицирање тоа релевантно искуство на апликантот би се прифатило или не? | Искуството од вашите членови би можело да се прифати како релевантно, само доколку тие членови имаат учествувано како набљудувачи на претходните локални избори, како претставници на организацијата апликант, односно ко-апликант (ако има). |
| П.2.7. Од вкупната сума на буџетот, колкав % може да се искористи за човечки ресурси? | Во Упатството за аплицирање не е наведен критериум поврзан со тоа колкав % од буџетот може да се искористи за човечки ресурси. Како што е наведено во точка 2.3.3 од Упатството, меѓу другото, ќе биде оценувано и дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот и дали соодносот меѓу предвидените трошоци за активностите и очекуваните резултати е соодветен и задоволителен. |
| П.2.8. Дали можете да го објасните делот за набљудување на изборен процес? | Како што е наведено во точка 2.1.1 од Упатството за аплицирање, за да биде подобен за грант, апликантот и ко-апликантот (ако има) меѓу другото, треба да има докажано искуство во областа на набљудување и поддршка на избори, најмалку на едни локални/парламентарни/претседателски избори и/или да има најмалку еден проект за поддршка на |

| | |
|---|---|
| | изборниот процес и/или почитување на избирачките права.<br>Во однос на изборниот процес, Државна изборна комисија има Упатство за набљудување на изборите и изборната постапка. |
| П.2.9. Дали може предлог-проектот да биде како follow up на претходен проект финансиран од друг донатор? | Да, може, само доколку нема ретроактивно финансирање на активности, како и двојно финансирање на исти активности кои тековно се финансирани од друга програма и/или донатор. |
| П.2.10. Како IKT професионалци ние немаме физичка канцеларија. Дали сме подобни да аплицираме? | Да, подобни сте за аплицирање на овој повик. Во Упатството за аплицирање не е наведен критериум дека организациите кои што немаат физичка канцеларија не се подобни за аплицирање на овој повик. |
| П.2.11. Со оглед на тоа што не е точно објавено кога би биле локалните избори, дали постои некоја временска рамка кога добиените проекти би почнале со своите активности, а кога би завршиле? | Како што е наведено во Прелиминарната временска рамка (точка 2.6 од Упатството за аплицирање) потпишувањето на Договорите се очекува да биде во периодот април/мај 2025 г., после што би почнала и реализацијата на активностите на добиените грантови. Завршувањето на активностите ќе биде согласно одобрените проектни временски рамки на секој од добиените грантови (најмалку 9, а најмногу 12 месеци).<br>Важно: Согласно точка 1.2 од Упатството за аплицирање (дел: Очекуван резултат 1) меѓу другите индикативни активности е наведено дека се подобни релевантни активности за набљудување на локалните избори 2025 – пред, за време и по изборите. |
| П.2.12. Дали локалните самоуправи би можеле да бидат ангажирани како соработници? | Согласно точка 2.1.3 од Упатството за аплицирање (дел Неприфатливи трошоци), меѓу другите, **не** се прифатливи трошоци за надоместок на државни службеници или друг |

| | |
|---|---|
| | персонал вработен/ангажиран во јавна администрација на централно и/или локално ниво.<br><br>При секаков вид соработка со локалните самоуправи и/или било која друга институција задолжително треба да се почитуваат принципите и клаузулите наведени во 2.1.4 Етички клаузули и кодекси на однесување од Упатството за аплицирање. |
| П.2.13. Дали двете организации (и апликантот и ко-апликантот, ако има) ќе мора да ја спроведат процедурата во СЕП и двете да се ослободат од ДДВ? | Не, само апликантот ја спроведува процедурата во МЕП и УЈП за ослободување од ДДВ, која важи и за апликантот и за ко-апликантот (ако има). |
| П.2.14. Дали и ко-апликантот ќе мора да отвори посебна наменска сметка или апликантот ќе може да врши исплата за неговите активности? | Да. Согласно точка 2.4 од Упатството за аплицирање, Договорниот орган ќе побара од добитниците на грант да отворат посебна сметка за грантот и да имаат најмалку двајца потписници со заеднички потписи потребни за сите плаќања од оваа сметка. |
| П.2.15. Со оглед на тоа што се аплицира со буџет во ЕУР, дали и исплата на добиените грантови ќе биде во ЕУР? | Не. Добитниците на грант ќе потпишат Договор со буџет во МКД и исплатите кон нив ќе бидат реализирани во МКД. |
| П.2.16. Дали е битен периодот од кога апликантот и ко-апликантот ќе го наведат своето релевантно искуство? Дали е во ред ако релевантното искуство на апликантот и ко-апликантот се, на пример, од 2001 година? | Во Упатството за аплицирање нема наведен критериум за тоа од кој период треба да биде релевантното искуство на апликантот и ко-апликантот (ако има). |
| П.2.17. Нашата организација делува на територија на цела Македонија. Дали е задолжително да работиме само во одреден плански регион или може да работиме во цела Македонија? | Не е задолжително да работите само во еден одреден плански регион. Согласно точка 1.2 од Упатството за аплицирање, апликантите со предложените активности можат да покријат повеќе географски плански региони, без разлика на нивното место на регистрација. |